Wilfried Martens Centre for European Studies

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# Нови глобални неизвесности, стари европски обврски: јавното мислење за пристапувањето во ЕУ во 2025 година

Автори: Анамарија Велиновска и Кире Миловски

-

Декември 2025



IDSCS | Institute for Democracy Societas Civilis -Skopje

*Ова е заедничка публикација на фондација Конрад Аденауер и Центарот за европски студии „Вилфрид Мартенс“. Оваа публикација добива финансиска поддршка од Европскиот парламент. Фондација Конрад Аденауер, Центарот за европски студии „Вилфрид Мартенс“ и Европскиот парламент не преземаат никаква одговорност за фактите и ставовите изразени во оваа публикација, ниту за каква било понатамошна употреба на информациите содржани во неа. Целосната одговорност ја сносат авторите.*

*Оваа публикација е наменета исклучиво за информативни цели. Таа не смее да се користи за изборно рекламирање за време на изборна кампања.*

# Импресум


**Наслов:** „Нови глобални неизвесности, стари европски обврски: јавното мислење за пристапувањето во ЕУ во 2025 година“

**Издавач:** Центарот за европски студии „Вилфрид Мартенс“
Фондација Конрад Аденауер во
Република Северна Македонија
Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје

**Автори**: Анамарија Велиновска и Кире Миловски

**Дизајн:** Матеа Лондза Шумковска

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**

http://www.martenscentre.eu
http://www.kas.de/nordmazedonien
https://idscs.org.mk/

# Вовед

Институтот за демократија „Societas Civilis" – Скопје и Фондацијата Конрад Аденауер во 2014 година иницираа воспоставување на лонгитудинална база на податоци за јавната поддршка на процесот на пристапување кон Европската Унија и членството на Северна Македонија во ЕУ, која се реализира преку годишни истражувања на јавното мислење засновани на кохерентна методологија и мерење на идентични прашања. Оваа база на податоци се фокусира на две димензии на јавното мислење во однос на македонскиот процес на пристапување кон ЕУ, кои се опфатени во секое годишно истражување, при што нивното мерење се врши со користење на идентични сетови на анкетни прашања. Истата база на податоци се користи за компаративна анализа во оваа заедничка публикација на Фондацијата Конрад Аденауер и Центарот за европски студии „Вилфрид Мартенс", финансирана од Европскиот парламент.

Изданието на истражувањето за 2025 година го анализира јавното мислење низ четири клучни димензии кои ги одразуваат и внатрешните и меѓународните динамики што ја обликуваат европската траекторија на земјата. Прво, се истражува како граѓаните го перципираат процесот на пристапување во ЕУ од внатрешна перспектива, вклучително и нивните преферирани следни чекори, ставовите за уставните измени и приоритетите во однос на реформите. Второ, се оценуваат перцепциите за подготвеноста на ЕУ за проширување, вклучувајќи ја поддршката за различни модели на интеграција и очекувањата за подготвеноста на Унијата до 2030 година.

Третиот сегмент ја истражува позицијата на Северна Македонија во променливиот светски поредок преку анализа на геополитичките приоритети на граѓаните, нивната преферирана надворешнополитичка ориентација и стратешкиот идентитет на државата. Конечно, истражувањето ги оценува јавните перцепции за надворешното економско влијание и доверливите партнери, вклучително и улогата на ЕУ, Соединетите Американски Држави и другите глобални актери во обликувањето на економската и политичката насока на земјата. Заедно, овие компоненти обезбедуваат сеопфатен преглед на јавните ставови во однос на процесот на пристапување во ЕУ, очекувањата за реформите, геополитичкото позиционирање и пошироката стратешка средина. Каде што е релевантно, анализата ги раздвојува одговорите според политичката ориентација и етничката припадност со цел да се откријат подлабоки обрасци и структурни поделби.

Истражувањето беше спроведено преку теренска работа во периодот од 22 октомври до 5 ноември 2025 година, на примерок од 1003 испитаници.

# Извршно резиме

**Внатрешна перспектива за пристапувањето во ЕУ**

• Граѓаните остануваат поделени во однос на следните чекори во процесот на пристапување во ЕУ. Најголемиот дел (27%) претпочита повторно преговарање на преговарачката рамка („Францускиот предлог“), додека 24% ја поддржуваат промената на Уставот.

• Поддршката за уставните измени останува стабилна во период од три години (20–24%), што укажува на долгорочна конзистентност во ставовите.

• Поддршката за промена на преговарачката рамка е повеќе од двојно зголемена од 2023 година (13% -> 27%), што одразува растечка фрустрација од надворешните услови, а не од самата Европска унија.

• Политичката неангажираност е намалена: уделот на граѓани кои сметаат дека државата треба да „не преземе ништо“ опаднал од 29% во 2023 година на 21% во 2025 година.

• Јавното мислење е длабоко поларизирано по етничка линија: 57% од етничките Албанци ги поддржуваат уставните измени, наспроти само 11% од етничките Македонци.

• Сè поголем дел од граѓаните (51%) сега ги гледаат преговорите со ЕУ како процес на унапредување на законодавството и стандардите — зголемување од 33% во 2024 година — што укажува на созреано разбирање на техничката природа на пристапувањето.

• Реформските приоритети на граѓаните се совпаѓаат со Планот за раст на ЕУ: заштитата на животната средина се издвојува како највисок приоритет (44%), додека реформите во судството и борбата против корупцијата имаат конзистентно значење низ сите приоритети.

• Уставните измени се перципираат како неопходни, но не и итни, при што 52% од испитаниците ги рангираат како втор приоритет.

• Свесноста за Планот за раст на ЕУ и Реформската агенда останува ниска: 43% од граѓаните никогаш не слушнале за нив, што укажува на значителен комуникациски јаз.

• Граѓаните изразуваат умерен оптимизам во однос на економските придобивки од Планот за раст: 44% очекуваат делумно подобрување на животниот стандард, додека 25% очекуваат минимално влијание.

**Дали ЕУ е подготвена за проширување?**

• 40% од граѓаните поддржуваат полноправно членство во ЕУ, додека 29% се залагаат за постепена интеграција која би завршила со членство во рок од 10–15 години. Дополнителни 19% ја поддржуваат фазната интеграција без непосредно членство.

• Оптимизмот во однос на подготвеноста на ЕУ за проширување до 2030 година повторно се зголемил и се вратил на околу 50%, по падот на 33% во 2024 година — што укажува дека граѓаните силно реагираат на политичките сигнали од ЕУ.

• Перцепциите за правичноста на ЕУ остануваат поделени: 45% сметаат дека ЕУ не е правична или доследна, додека 40% ја перципираат како делумно правична. Ова ги одразува пошироките загрижености во однос на кредибилитетот и билатералните пречки.

**Променлив светски поредок – каде се наоѓаме геополитички?**

• Граѓаните не покажуваат единствен геополитички приоритет. Највисоко рангирани прашања се: миграцијата (23%), потоа безбедноста и регионалната стабилност (20%), како и човековите права и демократските вредности (18%). Оваа фрагментација укажува на нејасен геополитички наратив во јавната дебата.

• Во однос на надворешнополитичкото усогласување, граѓаните претпочитаат стратешка флексибилност: 47% се залагаат за делумно усогласување со Западот, со истовремено задржување на националните приоритети. 30% преферираат целосна независност, а 23% ја поддржуваат целосната усогласеност со позициите на ЕУ/Западот.

• Перцепциите за идентитетот остануваат поделени, но се поместуваат кон Западот: 47% ја гледаат Северна Македонија како дел од западниот свет, додека 38% преферираат понезависен геополитички идентитет. Зголемената западна ориентација најверојатно е поврзана со глобалната нестабилност и безбедносните предизвици.

**Економската насока во услови на предизвици**

• Податоците од повеќегодишното следење покажуваат дека перцепциите за влијанието на САД се зголемиле за приближно 6% од 2024 година, продолжувајќи го трендот на гледање на Соединетите Американски Држави како клучен надворешен фактор на влијание.

• Европската унија и понатаму конзистентно се перципира како еден од највлијателните и најдоверливите партнери, задржувајќи ја својата позиција во категоријата „најдобар сојузник“ низ годините.

• Русија и понатаму се перципира како актер со ниско влијание и мал сојузнички потенцијал, тренд што останува стабилен речиси една деценија.

• Граѓаните јасно ја поврзуваат економската сигурност и стратешката стабилност со западните партнери, повторно потврдувајќи ја долгорочната ориентација на државата, и покрај внатрешните и политичките флуктуации.

# Преглед на политичките случувања во 2025 година

Политичките случувања во Северна Македонија во 2025 година претставуваа динамична мешавина од (не)очекувани пресврти, стари судири во ново пакување и борба за влијание која ја разоткри вистинската архитектура на моќта во државата.

На 19 октомври и 2 ноември беа одржани осмите локални избори од независноста на државата, на кои владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ оствари доминантен резултат, освојувајќи 55 градоначалнички мандати од вкупно 82 општини, вклучително и градоначалничката позиција во главниот град, Скопје[1]. Од аспект на политичките импликации, оваа победа на локалните избори ја зацврсти позицијата на централната власт и ѝ обезбеди дополнителен политички импулс на ВМРО-ДПМНЕ во спроведувањето на нејзините програмски приоритети и на национално и на локално ниво, особено во области како што се општинските политики, инфраструктурата и локалниот економски развој. Сепак, од друга страна, ваквата засилена политичка позиција истовремено на национално и на локално ниво бара внимателно управување, со цел да се избегнат околности кои би можеле постепено да создадат впечаток на прекумерна партиска доминација.

Во 2025 година, процесот на пристапување кон Европската унија продолжи да биде комплексен и предизвикувачки. Во годишниот извештај на Европската комисија за Северна Македонија[2], објавен во ноември, беше констатиран умерен напредок во одредени области, но истовремено беа истакнати и сериозни, долгогодишни слабости. Меѓу нив особено се издвојуваат потребата од посуштински реформи во владеењето на правото, недоволната институционална транспарентност, како и неуспехот да се спроведат препораките на ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската комисија во врска со измените на Изборниот законик, кои се повторуваат во подолг временски период. На овој начин, Европската комисија уште еднаш ја потврди својата принципиелна позиција дека европскиот пат не е формалност, туку процес што бара реални, структурни и системски промени.

Од политичка перспектива, европската интеграција и понатаму останува високо на агендата, како што е нагласено во владините програми, стратегии и програмски документи

[1] Државна изборна комисија: Заклучок за завршувањето на Локалните избори во 2025 година – https://www.sec.mk/zakluchok-za-zavrshuvanje-na-lokalnite-izbori-2025-godina/

[2] ЕК: Извештај за напредокот на РСМ 2025 – https://enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2025_en

на владејачкото мнозинство. Сепак, зад декларативната поддршка за европскиот курс стои фактот дека клучните реформи — особено во судството, борбата против корупцијата, владеењето на правото и обезбедувањето соодветни административни капацитети и ресурси остануваат суштински предуслови за реално придвижување на преговорите. Ова создава јасен контраст помеѓу политичките заложби и темпото на спроведување на неопходните реформи.[3]

Исто така, Северна Македонија сè уште не ги има усвоено неопходните уставни измени со цел во Уставот да се вклучат граѓаните кои живеат во границите на државата и кои припаѓаат на други народи, како што се Бугарите, наведени во Заклучоците на Советот од јули 2022 година, што државата се обврза да ги започне и да ги спроведе.[4]

Северна Македонија активно се вклучи во новиот План за раст за Западен Балкан[5] и започна со имплементација на четирите столба на планот: постепена интеграција во единствениот пазар на ЕУ, регионална економска интеграција, фундаментални реформи и зголемена финансиска поддршка. Во рамките на Инструментот за реформи и раст, Инструмент на ЕУ базиран на перфоманси за поддршка на процесот на пристапување, државата ја усвои својата Реформска агенда[6], која ги опфаќа реформите во следните области: (1) управување, реформа на јавната администрација и управување со јавните финансии; (2) зелена и дигитална транзиција; (3) човечки капитал; (4) развој на приватниот сектор и деловното опкружување; и (5) основни права и владеење на правото.

Паралелно со процесот на европска интеграција, економските случувања во 2025 година дополнително ја обликуваа политичката динамика. Макроекономскиот контекст беше обележан со зголемен фискален притисок: буџетскиот дефицит[7] повторно се појави како значаен проблем во првата половина од годината, додека инфлаторните флуктуации создадоа неизвесност во јавните финансии[8]. Овие трендови ја нагласија потребата од поголема стабилност и предвидливост, особено имајќи го предвид нивното влијание врз долгорочниот кредибилитет на економската политика.

Во такви околности, странските директни инвестиции останаа чувствително прашање. Податоците за првиот квартал од 2025 година покажаа пониски приливи во споредба

[3] 2025 Communication on EU enlargement policy - https://enlargement.ec.europa.eu/document/download/eb69a890-40d6-4696-801e-612d51709fdd_en?filename=2025%20Communication%20on%20EU%20Enlargement%20Policy.pdf
[4] Ibid
[5] Генерелан Директорат за проширување и добрососедска политика, План за раст за Западен Балкан – https://enlargement.ec.europa.eu/2023-communication-new-growth-plan-western-balkans_en
[6] Министерство за европски прашања, Реформска агенда: https://mep.gov.mk/en/post/?id=15800
[7] Извршен одбор на ММФ, консултација по член IV за 2025 година со Република Северна Македонија- https://www.imf.org/en/news/articles/2025/05/06/pr-25129-republic-of-north-macedonia-imf-concludes-2025-article-iv-consultation?utm_
[8] Буџет за 2025 година, усвоен од Собранието, со дефицит од 4% од БДП. - https://new.mia.mk/story/parliament-approves-2025-budget

со истиот период од претходната година[9], што ги засили загриженостите во однос на актуелната инвестициска клима. Иако ваквите краткорочни флуктуации не се невообичаени, тие се значајни за пазарот на труд и за позиционирањето на државата како атрактивна дестинација за капитал, особено во период кога реформските процеси се внимателно следени од меѓународните партнери.

Како одговор, Владата спроведе низа мерки насочени кон стимулирање на економската активност, вклучително и иницијативи за прилагодување на царинските политики со цел зајакнување на трговските односи. Особено внимание привлече најавата за намалување на увозните давачки за американски производи, што беше протолкувано како сигнал за продлабочување на економско-дипломатската соработка со Соединетите Американски Држави. Овие чекори ја одразуваат определбата на Владата да привлече нови партнери и да создаде услови за посилен економски импулс во услови на сложени политички и економски предизвици.

На глобално ниво, 2025 година донесе значајни геополитички турбуленции: враќањето на Доналд Трамп во Белата куќа ја зајакна агендата „Америка на прво место[10]", генерирајќи тензии со традиционалните сојузници и поттикнувајќи ревидирани трговски и безбедносни политики. Во рамките на Европската Унија, фокусот беше насочен кон внатрешни реформи, зајакнување на заедничките безбедносни и економски политики и приспособување на институциите на новиот циклус на европско лидерство што произлезе од изборите[11] за Европскиот парламент во 2024 година. Континуираната поддршка за Украина[12] остана клучен приоритет, преку тековна финансиска и воена помош и координирани политики за справување со влијанието на војната врз европската безбедност и енергетската стабилност.

Во следниот дел се анализира перцепцијата на граѓаните за четири клучни годишни развои. Најпрво се разгледува внатрешната димензија на патот кон пристапување во ЕУ, потоа фокусот се насочува кон самата ЕУ и можните сценарија, по што следи анализата на перцепциите за пошироките геополитички актери, а на крај се разработуваат ставовите за економските показатели.

---

[9] НБРМ, Соопштение за печатот, 29.08.2025 –https://www.nbrm.mk/content/statistika/Soopstenija/PB/2025/Soopstenie_PB_kv2_2025_m.pdf

[10] Претседателот Трамп, Први приоритети - https://www.whitehouse.gov/briefings-statements/2025/01/president-trumps-america-first-priorities/

[11] Совет на ЕУ: Стратешка агенда 2024 – 2029 – https://www.consilium.europa.eu/en/european-council/strategic-agenda-2024-2029/?utm_source=chatgpt.com

[12] ЕК: Комисијата ја засилува поддршката за енергетската безбедност на Украина и го отвора патот кон целосна интеграција на пазарот – https://enlargement.ec.europa.eu/news/commission-steps-support-ukraines-energy-security-and-paves-way-full-market-integration-2025-02-24_en?utm_source=chatgpt.com

# Внатрешна перспектива за пристапувањето во ЕУ

На почетокот на 2025 година, европската траекторија на Северна Македонија сè повеќе беше под влијание на внатрешни дилеми, од уставните промени до реформските приоритети, наместо само на процедурни чекори. Централното прашање во дебатата за пристапување во ЕУ продолжи да бидат уставните измени потребни за напредок кон следната фаза на преговорите. Владата која е на власт од 2024 година го одржа ставот дека уставните измени нема да се извршат без цврсти гаранции од ЕУ дека идни блокади нема да се појават. Сепак, ЕУ останува на позицијата дека уставните измени се единствениот начин да се продолжи со преговорите и да започне отворањето на преговарачките кластери. Во услови на оваа контрадикторна ситуација, истражувањето се фокусираше на тоа што граѓаните го перципираат како следни неопходни чекори кон ЕУ.

### Кои промени сметате дека треба да се направат на патот кон Европска Унија?




Податоците покажуваат отсуството на консензус. Најмногу поддржана опција, која ја поддржуваат 27% од граѓаните е повторното преговарање или промена на тековната преговарачка рамка („Францускиот предлог"), иако ова е најмалку изводливо сценарио. Следат уставните измени со 24% поддршка. Поголемо внимание имаат и попесимистичките или пасивните ставови, како „да не се преземе ништо" (21%) или целосно запирање на процесот (17%).

**Кои промени сметате дека треба да се направат на патот кон Европска Унија? (2023-2025)**




Јавното мислење за уставните измени остана забележително стабилно во последните три години, со флуктуации само помеѓу 20% и 24%. Наспроти тоа, поддршката за промена на преговарачката рамка („Францускиот предлог") повеќе од се удвои од 2023 година (од 13% на 27%), што укажува на растечка фрустрација поради надворешните услови на процесот на пристапување. Истовремено, пасивните ставови („да не се преземе ништо") значително опаднаа (од 29% во 2023 на 21% во 2025 година), што укажува на намалување на политичката замореност и поголема јавна ангажираност. Значајно е што поддршката за целосно запирање на процесот продолжува да опаѓа, потврдувајќи дека евроскептицизмот не се зголемил. Воопшто, трендот покажува дека јавноста станува сè повеќе критична кон преговарачката рамка, а не кон самото членство во ЕУ.

**Кои промени сметате дека треба да се направат на патот кон Европска Унија? (гледано од аспект на етничка припадност)**



Разликите стануваат многу поизразени кога податоците се разгледуваат низ призма на етничката припадност. Повеќето етнички Албанци (57%) ја поддржуваат уставната промена како следен чекор. Во остар контраст, само 11% од етничките Македонци ја поддржуваат оваа опција. Кај етничките Македонци, доминантната преференција (32%) е промена на преговарачката рамка, а потоа следува изборот „да не се преземе ништо" со 27%. Овие наоди ја одразуваат длабоката етничка поларизација во однос на уставните измени и пошироката дебата за европската интеграција.

### Што за вас претставува процесот на преговарање со ЕУ?




### Што за вас претставува процесот на преговарање со ЕУ? 2024-2025




Иако јавната дискусија е силно концентрирана на уставните измени, истражувањето покажува дека поголемиот дел од граѓаните (51%) првенствено го поврзуваат процесот на преговори со ЕУ со унапредување на законодавството и стандардите. Ова претставува значително зголемување во споредба со 33% лани, што укажува на поместување од перцепција на процесот како пред се политички кон признавање на неговата техничка и реформска природа. Значајно е што овој став е конзистентен низ етничките заедници и политичките припадности.

**Кои треба да се приоритетите на државата во процесот на пристапување?**




Кога граѓаните се прашани да ги рангираат приоритетите за земјата во процесот на пристапување, се забележува силна поддршка за заштита на животната средина, при што 44% ја рангираат како највисок приоритет. Уставните измени, иако централни во политичката дискусија, најчесто се рангирани како втор приоритет (52%), што укажува дека граѓаните ги сметаат за потребни, но не итни. Реформата на судството и борбата против корупцијата покажуваат континуирано висок значај низ сите рангирања, што укажува на широка, но распослана поддршка. Наспроти тоа, усогласувањето со законодавството на ЕУ и користењето на фондовите на ЕУ се перципираат како приоритети од средно до ниско ниво, што ја рефлектира нивната по-техничка и помалку видлива природа.

Рангирањето на приоритетите од страна на граѓаните тесно ја следи структурата на Планот за раст на ЕУ и неговата Реформска агенда. Најсилниот приоритет на граѓаните – заштитата на животната средина – директно одговара на столбот за зелена транзиција во реформската агенда. Исто така, континуираниот висок значај на реформата на судството е во согласност со условите за владеење на правото и борбата против корупцијата, кои се клучни за финансирање поврзано со реформи.

**Дали сте слушнале за Планот за раст и реформските агенди на Европската Унија за земјите од Западен Балкан ?**



И покрај финансиското и стратешкото значење на Планот за раст, јавната свест за овој инструмент останува ограничена. Додека некои испитаници пријавуваат дека слушнале за Реформската агенда, тие немаат јасност околу нејзината цел и содржина. Забележително е што 43% од граѓаните воопшто не слушнале за Реформската агенда, што укажува дека овој инструмент сè уште не навлегол во јавниот дискурс.

Овој низок степен на свесност ја истакнува значајната комуникациска празнина. Со оглед на тоа што Планот за раст директно ги поддржува многу од граѓанските приоритети на реформите—како што се заштита на животната средина, судска реформа и усогласување на законодавството—постојано е очигледна потребата од целени комуникациски напори за објаснување како овие реформи се трансформираат во финансиска поддршка, конкретни придобивки и напредок кон интеграција во ЕУ.

Несоодветноста помеѓу приоритетите на граѓаните за реформи и нивната ограничена свест за Планот за раст укажува дека јавноста ја поддржува самата реформа, но не е запознаена со инструментите на ЕУ кои ги финансираат и стимулираат истите.

**Дали сметате дека средствата од Планот за раст ќе придонесат за подобрување на животниот стандард во Македонија?**




Граѓаните се поделени во мислењето дали средствата од Планот за раст и Реформската агенда ќе придонесат за значително подобрување на животниот стандард во Северна Македонија. Најголем дел—44%—сметаат дека средствата ќе придонесат само делумно, додека дополнителни 25% мислат дека влијанието ќе биде минимално. Оваа распределба укажува на претпазлива оптимистичност, но исто така ја отсликува и поширока скепса во однос на капацитетот на државата да ја претвори надворешната финансиска поддршка во видливи подобрувања во секојдневниот живот.

# Дали ЕУ е подготвена за проширување?

Дискусиите за иднината на проширувањето сè повеќе се фокусираат на капацитетот на ЕУ да прими нови членки и дали внатрешните реформи, особено во делот на донесувањето одлуки, распределбата на буџетот и функционирањето на институциите, треба да претходат на понатамошното проширување. Покрај тоа, во последните години добија на значење нови модели на членство и фазна интеграција, кои ја отсликуваат потрагата на ЕУ за начини да го задржи процесот на проширување кредибилен, додека ги адресира внатрешните ограничувања. Овие модели вклучуваат постепена или скалеста интеграција, учество на Единствениот пазар пред целосно членство, или пристапување со ограничени политички права додека не се спроведат институционалните реформи. Во таа насока, граѓаните беа прашани кој модел на интеграција го поддржуваат.

### Кој модел на интеграција со ЕУ го поддржувате?




Резултатите покажуваат дека 40% се за целосно членство во ЕУ, што ја отсликува постојаната привлечност на целосното пристапување како конечна цел. Во меѓувреме, 29% го поддржуваат постепеното интегрирање кое на крајот би довело до членство во рок од 10–15 години, а 19% го поддржуваат постепеното интегрирање без непосредно целосно членство. Овие наоди укажуваат дека, иако мнозинството на крајот преферира традиционално проширување, значаен дел од граѓаните е отворен за фазни или секторски патеки на интеграција, особено оние кои обезбедуваат побрз пристап до Единствениот пазар.

### Дали верувате дека Европската Унија ќе биде подготвена да ги прими некои од земјите од Западен Балкан како членки до 2030 година?



**Дали верувате дека Европската Унија ќе биде подготвена да ги прими некои од земјите од Западен Балкан како членки до 2030 година? (2023-2025)**




2030 година е сè почесто спомнувана како можен хоризонт за следното проширување на Европската Унија. Оваа година станува и политички показател и тест за тоа дали земјите кандидати и самата ЕУ можат да ги спроведат реформите потребни за кредибилен процес на пристапување. Речиси сите испитаници веруваат дека ЕУ ќе биде подготвена да ги прифати земјите од Западен Балкан до 2030 година. Овој процент се зголеми на нивото од 2023 година, кога 50% се согласиле дека ЕУ ќе биде подготвена да прифати нови членки, додека минатата година само една третина (33%) ја поддржала оваа изјава.

**Каков е односот на Европската Унија ко земјава од аспект на преговарачкиот процес?**




Конечно, анализата ја истражува перцепцијата на граѓаните за односот на ЕУ кон нивната земја. Одговорите прикажуваат поделена слика: 40% сметаат дека ЕУ е делумно праведна, понекогаш да, понекогаш не, што можеби се однесува на разликата помеѓу техничките и политичките прашања, додека 45% веруваат дека ЕУ воопшто не е праведна и доследна, што ја доведува во прашање кредибилноста на ЕУ во оваа земја.

# Се менува светскиот поредок – Каде стоиме геополитички?

–

За подобро разбирање на геополитичката позиција на Северна Македонија, анкетата ги праша граѓаните да рангираат неколку глобални приоритети. Резултатите покажуваат отсуство на еден доминантен приоритет меѓу испитаниците, што укажува дека јавната дебата за надворешната политика останува фрагментирана и несистематизирана. Граѓаните беа прашани да ги приоритетизираат областите во надворешната политика.

### Кои треба да бидат приоритетите во надворешната политика на Владата?




Кога се идентификува највисокиот национален приоритет, миграцијата води со 23%, следена од регионалната стабилност и безбедност со 20%, и човековите права и демократијата со 18%. Приближно еднаквата распределба меѓу категориите сугерира дека граѓаните немаат единствено мислење за тоа каде Северна Македонија треба да се позиционира глобално—што веројатно е одраз на натпреварувачки наративи во јавната сфера и недостигот на конзистентна национална геополитичка приказна.

### Каков треба да биде пристапот на Владата во однос на надворешната политика на земјата?




Северна Македонија често е меѓународно пофалувана за своето целосно усогласување со Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ (CFSP). Земјата целосно се усогласува со санкциите на ЕУ кон Русија и генерално ја следи стратешката ориентација на пошироката западна заедница. Анкетата го испитува степенот на согласност на граѓаните со оваа насока.

Наодите покажуваат нијансирани, но значајни преференции:

- 47% го поддржуваат делумното усогласување со Западот—одржување западна ориентација, при тоа штитејќи специфични национални интереси.
- 30% сметаат дека Северна Македонија треба да води целосно независна надворешна политика.
- 23% го поддржуваат целосното усогласување со позициите на западната надворешна политика.

### Со кое мислење се согласувате?
### (2023-2025)



Оваа поделба дополнително се отсликува во перцепцијата на граѓаните за геополитичката идентичност на земјата. Додека 47% продолжуваат да ја гледаат Северна Македонија како дел од „Западниот свет“, 38% нагласуваат „независен“ став. Зголемувањето на перцепцијата за припадност кон Западот, во споредба со претходните години, можеби е поврзано со зголемената глобална несигурност и перципираната потреба за сигурни сојузи.

Две долготрајни прашања во анкетата ја следат јавната перцепција за највлијателниот надворешен актер за Северна Македонија и за нејзиниот најблизок сојузник. Во текот на изминатите девет години, се издвојуваат неколку јасни трендови.

**Според ваше мислење, кој надворешен фактор има најголемо влијание во нашата земја? (2017 - 2025)**




Перцепциите за Соединетите Американски Држави како најголем надворешен влијател врз земјата продолжуваат да растат, со зголемување од 6 процентни поени од 2024 година. Во меѓувреме, перцепциите за ЕУ како водечки актер на влијание остануваат стабилни, задржувајќи го значајниот скок забележан минатата година. Во текот на целиот период, перцепцијата за влијанието на Русија останува постојано ниска, што покажува ограничен јавен одзив, и покрај интензивирањето на глобалната геополитичка конкуренција.

### Според ваше мислење, кој би бил најдобар сојузник на нашата земја? (2017 - 2025)




Кога станува збор за идентификување на најдобриот сојузник, ЕУ го задржува своето долгорочно место како најдоверлив партнер. Сепак, забележливо е мало зголемување на бројот на граѓани кои ја наведуваат Соединетите Американски Држави како најдобар сојузник на Северна Македонија, што веројатно го одразува зголеменото дипломатско присуство и интензивираните билатерални односи кои следеа по политичката транзиција во Вашингтон и обновеното фокусирање на стабилноста на Западниот Балкан.

# Економски курс во време на предизвици

Во 2025 година, економијата се соочи со низа комплексни предизвици, почнувајќи од фискален притисок и инфлаторни колебања, до намалени приливи на странски директни инвестиции. Мерките на Владата за поттикнување на економската активност, како и економско-дipломатските активности, имале за цел да обезбедат стабилност и да создадат услови за долгорочен раст. Економските прашања се од суштинско значење за граѓаните. Поради тоа, истражувањето се фокусира на економските партнерства преку прашања поставувани во текот на изминатите седум години, овозможувајќи долгорочно следење.

**Кој мислите дека треба да биде главен економски партнер на земјата?**




Во 2025 година, граѓаните изразија највисоко ниво на доверба во Европската Унија како клучен економски партнер на земјата, со 38%, следена од Соединетите Американски Држави со 22%. Доминирачката улога на ЕУ ја одразува не само евроинтегративната ориентација на земјата, туку и нејзината трговска зависност од земјите-членки на ЕУ, додека високата доверба во САД ја потврдува важноста на трансатлантската врска и влијанието на американската поддршка врз економскиот и политичкиот развој. По ЕУ и САД, Турција се издвојува како значаен партнер со 13%, следена од Кина и Русија со по 10%.

Во споредба со 2023 и 2024 година, довербата на граѓаните во Европската Унија како главен економски партнер на земјата останува во голема мера иста: 38% во 2023 и малку пониско, 33%, во 2024. Довербата во САД како главен економски партнер се зголеми од 15% во 2023 на 22% во 2024, и остана на исто ниво во 2025 година.

Ова ниво на доверба изразено од граѓаните не се разликува од фактичката состојба. Имено, во периодот јануари–септември 2025, ЕУ учествуваше со 59,6% од вкупната трговска размена на земјата.

Ова покажува дека високото ниво на доверба на граѓаните во ЕУ и САД е во согласност со реалната економска зависност и трговската соработка, што дополнително ја нагласува оправданоста на нивната улога како клучни партнери на земјата.

**Кој мислите дека треба да биде главен економски партнер на земјата? (гледано од аспект на етничка припадност)**




Од перспектива на етничка припадност, и етничките Македонци и етничките Албанци ја перципираат ЕУ и САД како главни економски партнери на земјата. Меѓу етничките Македонци, довербата во ЕУ како главен економски партнер изнесува 37%, а во САД 20%. Етничките Македонци, исто така, ја перципираат Кина како главен економски партнер со 13%, а Русија со 12%. Албанската етничка заедница, исто така, ја идентификува ЕУ како главен економски партнер на државата со 40%, следена од САД со 28%, додека Кина и Русија се перципирани како главни партнери само од по 3% од Албанците.

### Кој е најголемиот донатор (дава пари за развој) во Македонија?




Најголем дел од испитаниците, 46%, ја сметаат Европската Унија за најголем донатор на земјата, следена од Соединетите Американски Држави со 25%, Турција со 11% и Германија со 6%. Податоците од претходните години покажуваат стабилна перцепција за улогата на ЕУ, при што 40% од испитаниците ја идентификуваат како главен донатор и во 2023 и во 2024 година, со зголемување на 46% во 2025. Перцепциите за Соединетите Американски Држави како донатор варираат, од 22% во 2023, намалување на 17% во 2024 и повторно зголемување на 25% во 2025 година.

Кој е најголемиот донатор (дава пари за развој) во Македонија? (2018 - 2025)




Континуираната поддршка на ЕУ е видлива и во пракса. Во јули 2025 година, беше усвоена повеќегодишна финансиска одлука во рамки на Инструментот на ЕУ за претпристапна помош (IPA III) 2025–2027, со алокација од 67 милиони евра за Северна Македонија. Ова ја дополнува поддршката од јули 2024 година, кога беа усвоени три финансиски одлуки во вкупен износ од 160 милиони евра за оперативните програми за транспорт, животна средина и човечки капитал за периодот 2024–2027.

# Заклучок

Во 2025 година, јавното мислење во Северна Македонија ја отсликува сложената комбинација на оптимизам, скепса и геополитичка ре-калибрација. Додека домашните дебати се врзат околу уставните амандмани и билатералните пречки, граѓаните продолжуваат да го гледаат членството во ЕУ како стратешки столб во сè позагадената глобална средина. Анкетата покажува силна поддршка за интеграцијата, но и растечко незадоволство од надворешната условност, особено во однос на рамката за преговори.

Во внатрешноста, граѓаните го приоритетизираат реформите кои речиси директно се совпаѓаат со Планот за раст на ЕУ: заштита на животната средина, судска интегритет, борба против корупцијата и усвојување на стандардите на ЕУ. Сепак, свесноста за самиот План за раст останува ниска, откривајќи комуникациска празнина која ја спречува јавноста да ги поврзе реформите со нивните конкретни придобивки.

Геополитички, граѓаните не формулираат единствена агенда за надворешната политика. Миграцијата, безбедноста, човековите права и акцијата за климата се натпреваруваат за приоритет, што ја отсликува преполната и често контрадикторна национална дискусија. Сепак, стратешката ориентација на земјата останува западна: повеќето испитаници ја гледаат Северна Македонија како дел од Западниот свет и претпочитаат делумно или целосно усогласување со надворешната политика на ЕУ.

Во сите долгорочни индикатори, ЕУ и Соединетите Американски Држави ја задржуваат својата позиција како најдоверливи сојузници, највлијателни партнери и најзначајни економски актери. Русија, и покрај глобалната турбуленција, продолжува да има ниска перцепција на влијание и партнерство. Вкупната слика е на општество кое се движи низ глобалните промени, но одржува стабилна посветеност кон патот на ЕУ, дури и кога патот е долг, условите се контроверзни и довербата на јавноста во праведноста варира.

# Информации за КАС

–

Слобода, правда и солидарност се основните начела врз кои почива работата на фондацијата Конрад Аденауер (КАС). КАС е политичка фондација тесно поврзана со Христијанската Демократска Унија на Германија (ЦДУ).

Ние работиме на образовни програми за општеството и соработуваме со владини институции, политички партии, граѓански организации и избрани елити, градејќи силни партнерства.

Заедно со нашите партнери даваме придонес кон создавањето на меѓународен поредок, кој овозможува секоја земја да се развива во духот на слободата и својата одговорност.

**Контакт податоци за КАС**

-

Адреса: ул. Ристо Равановски
бр.8, 1000 Скопје.
Телефонски број: +389 2 321 70 75
+389 23 21 70 76,
електронска пошта: Skopje@kas.de

# Информации за WMCES

–

Центарот за европски студии „Вилфрид Мартенс" (WMCES) е официјалниот тинк-тенк на Европската народна партија (ЕПП). Преку својата работа, WMCES инспирира идеи за дејствување и придонесува во обликувањето на одговори на европските предизвици. Како политички тинк-тенк, тој е составен дел од европскиот екосистем за креирање политики.

Мисијата на Центарот е да им обезбеди поддршка на носителите на одлуки и лидерите на јавното мислење во формулирањето на нови и ефективни политички опции.

Овие активности ќе ѝ помогнат на Европската Унија да стане силен глобален актер, сигурен трансатлантски сојузник и подобар промотор на демократијата.

**Контакт информации за WMCES**

-

Адреса: Rue du Commerce 20,
1000 Брисел
Телефонски број: +32 2 300 80 19,
електронска пошта:
info@martenscentre.eu

# Информации за ИДСЦС

–

ИДСЦС е тинк тенк организација која го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Северна Македонија.

ИДСЦС има мисија да ја помогне граѓанската вклученост во носењето на одлуки и да ја зајакне партиципативната политичка култура.

Преку зајакнување на слободарските вредности, ИДСЦС придонесува на соживот помеѓу различностите.

**Контакт податоци за ИДСЦС**

-

Адреса: ул. Мирослав Крлежа
бр. 52/1 /2, 1000 Скопје
Тел. бр.: +389 2 3094 760,
електронска пошта: contact@idscs.org.mk

# Податоци за авторите

–

**Анамарија Велиновска** е истражувач и проектен менаџер во Центарот за европски интеграции при Институтот за демократија. Велиновска има магистрирано на студиите за "Јавни политики" на Универзитетот од Единбург, како Чивнинг стипендист на Британската влада. Нејзините области од интерес се: европски интеграции, регионална соработка и надворешни политики.

**Кире Миловски** е постар истражувач во Центарот за европски интеграции при Институтот за демократија. Магистер е по правни науки од областа на Европското право и Правото на ЕУ. Негови области од интерес се: проширување на ЕУ, европеизација, План за раст и Реформска агенда, Берлински процес и регионална соработка.

Wilfried Martens Centre for European Studies

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

IDSCS | Institute for Democracy Societas Civilis -Skopje